**ТАБЕЛА ЗА ПОМОШ ПРИ ИЗБОР ЗА БИЗНИС**

Следната табела е осмислена за да ти помогне да ја одбереш најдобрата деловна можност за себе. За да ја пополниш, следи ги овие три чекори:

(1) Од левата страна, во првата колона напиши листа на бизнис идеи за кои во моментов размислуваш. Напиши ги една под друга, сè додека не ги внесеш сите идеи за кои си заинтересиран.

(2) Потоа, оцени ја секоја идеја со оценка од 0-3 за секоја наведена категорија. Користи го следниот систем за оценување: 0- ништо, 1- под просек, 2- просечно, 3- надпросечно.

Да разгледаме како изгледа секоја категорија и некои работи во врска со нив кои ќе ти помогнат во оценувањето.

**Твоето знаење за конкретниот бизнис?** Колку знаеш за оваа област? Дали ќе треба да вложиш дополнителни пари и време за да го научиш бизнисот? Дали ќе треба да размислиш и за партнер, затоа што не знаеш доволно за бизнисот?
*Оценување:* 0- непознавање на бизнисот, 1- некое посредно знаење за бизнисот, 2- ограничено знаење за бизнисот, 3- работно познавање на бизнисот.

**Твоето искуство во тоа поле**. Во некои случаи, можеби ќе имаш многу знаење за темата, но не и доволно искуство. Дали порано си поседувал или си работел во овој тип на бизнис: До која мерка сметаш дека е директното искуство клучно за бизнисот?
*Оценување:* 0- без искуство, 1- посредно искуство, 2- ограничено искуство, 3- го познавам бизнисот.

**Твоите вештини.** Занемари ги за сега, оние вештини кои се можеби заеднички за секоја од твоите идеи и обиди се да се концентрираш на оние кои се единствени за конкретните бизниси. Во која мерка ти ги поседуваш? Ако ти недостасуваат, колку тешко ќе биде да се здобиеш со нив?
*Оценување:* 0- воопшто, 1- ограничени вештини, 2- скромни вештини, 3- напредни вештини

**Влез во бизнисот.** Размисли за цената на чинење за влез во бизнисот и на бариерите од конкуренцијата кои можат да се појават. На пример, некоја услужна дејност која можеш да ја водиш и од твојот дом може да е релативно евтино да се започне, но ако и неколкумина други ја нудат таа услуга, влезот во бизнисот може да биде тежок.
Оценување: 0- натрупана област, тежок влез, 1- ограничен влез е можен, 2- комбинација од големи и мали конкуренти, 3- практично неограничен влез за бизнис од било која големина.

**Единствен производ или услуга.** Единствен овде не значи дека никој друг не ја нуди таа услуга или производ; тоа значи дека никој не ги понудува на начин на кој имаш намера ти да ги понудиш, или може да значи дека никој друг не ги нуди во твојата област. Тоа што ти го бараш е да најдеш начин на кој твојот производ или услуга ќе се разликуваат од другите кои се веќе во бизнисот.
*Оценување:* 0- твојот производ или услуга се широко распространети; 1- неколку други ја нудат твојата услуга или производ; 2- има само еден и двајца; 3- никој друг не ја нуди твојата услуга или производ.

| Бизнис идеја | Твоето знаење | Твоето искуство | Твоите вештини | Влез во бизнисот | Единствен производ или услуга | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

(3) Сега собери ги оценките. Еве неколку совети кои ќе ти помогнат да ги разбереш оценките што ги доби за да добиеш пречистена листа на бизнис можности:

- Исклучи ги идеите кои имаат оценка помала од 10
- Исклучи ги идеите кој имаат помалку од 2 во секоја категорија
- Исклучи ги идеите кои имаат помала оценка од 3 во категоријата за единствен производ или услуга

Колку идеи останаа? Ако одговорот е „ниту една“, тогаш треба да ја погледнеш листата и да откриеш каде треба да се подобриш и да развиеш стратегија за да ги надградиш оценките од 1 во 2, или 2 во 3. Ако одговорот е „повеќе од една“, имаш пријатна дилема: избор на бизнис со кој ќе започнеш. Ако одговорот е „една“, тогаш тоа може да е вистинската деловна можност за тебе.